**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седумнаесеттото продолжение на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 март 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места, ќе почнеме со работа.

Продолжуваме со работа по Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, АјШе Селмани, Тахир Хани Ристанка Лалчевска, Насер Ајдини, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Илинка Митрева и Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Минуваме на 21 точка - Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2007 година.**

Предлогот на одлуката, Извештајот на Комисијата за економски прашања и Мислењето на Владата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Никола Поповски. Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Со оглед на тоа дека Регулаторната комисија денес има две точки, дозволете да го замолам господинот Славе Ивановски, кој е претседател и претставник, како предлагач на двете точки, со оглед дека се работи за слична материја.

Ние знаеме дека Регулаторната комисија на Република Македонија е независно тело, што подразбира дека не е зависно од извршната власт, а е извршна власт од Владата. Меѓутоа, Собранието на Република Македонија е орган каде што Регулаторната комисија ја има одговорноста за својата работа, каде што ги поднесува извештаите за работа и ги предлага директно без Владата своите акти за усвојување, доколку со Законот е решено да биде тоа така.

По повод Предлогот на одлуката за согласност, која треба да ја даде Собранието на стапката со надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршата енергетска дејност во Република Македонија, кој надомест служи за финансирање на работењето на Регулаторната комисија, ако сакате дури и по предлог на Финансискиот план на Регулаторната комисија, дозволете да го искористам присуството на претседателот и да го замолам да даде ...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам за тишина не го слушам говорникот.

**Никола Поповски:** Нема потреба, ако претседателот слуша кој не сака, не мора.

Би го замолил претседателот на Регулаторната комисија да даде образложение пред Собранието, дали Регулаторната комисија при последната одлука за поскапување на електричната енергија во Република Македонија, која колку што дознавме се однесува од 1 март, го зема предвид фактот дека Владата на Република Македонија во Буџетот на Република Македонија обезбеди субвенции на едно од претпријатијата кои се бават со енергетска дејност, во овој случај тоа е ЕЛЕМ односно ТЕЦ "Неготино" во висина од 20 милиони евра, односно една милијарда и 200 милиони денари. Ние не знаеме, односно Парламентот нема информација дали оваа субвенција до МЕПСО, односно со ТЕЦ "Неготино" отиде како стокова субвенција во вид на мазут, со оглед дека министерот за финансии тука јавно соопшти дека набавката извршена по пат на непосредна спогодба, или како финансиска субвенција, па ТЕЦ "Неготино" со непосредна спогодба, меѓутоа, тоа е сеедно.

Конкретното прашање по повод оваа точка е дали Регулаторната комисија при поскапувањето на цената на електричната енергија во Република Македонија ја има предвид и финансиската субвенција која ја даде Владата на Република Македонија на едно од друштвата за енергетика, или го занемари тој факт, па врз основа на финансиските резултати минус субвенцијата го овозможи покачувањето на електричната енергија.

Второто прашање поврзано со тоа е дали, со оглед дека субвенција никогаш во Македонија немало на енергетските компании во понова историја, сметано едно 20 - 30 години наназад, дали Енергетската комисија во своите критериуми има механизми во кои ги калкулираат државните субвенции за да не дојде до покачување на електричната енергија, затоа што државната субвенција е практично плаќање на електричната енергија од страна на граѓаните во корист на МЕПСО, или на ЕЛЕМ, или на ТЕЦ "Неготино" однапред, повторно од даночните приходи и како во иднина ќе се однесува доколку продолжи

Владата да дава субвенции на претпријатијата од аспект на покачување на електричната енергија, односно дали тие трошоци ќе ги калкулира, или ќе ги занемарува кога ќе поднесат барање некои од енергетските компании до Регулаторната комисија.

Би го замолил претседателот на Комисијата, во својство на предлагач, иако ова можеби не е директно со точките 21 и 22 кој е предлагач, меѓутоа, сепак Собранието е тело каде што тој треба да ја промовира и образложи својата политика. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Има збор претседателот на Комисијата, повелете.

**Славе Ивановски:** Благодарам претседателе, благодарам господине Поповески на прашањето.

Најнапред сакам да истакнам дека последната одлука за цена на електричната енергија што ја донесе Регулаторната комисија се однесува на цената на услуга за дистрибуција на електричната енергија што ја врши АД “ЕСМ Дистрибуција”.

Оттука, оние средства на кои господинот Поповски ги посочи во своето прашање не се упатени на АД “ЕСМ Дистрибуција”, туку тие средства се дадени на МЕПСО, односно ТЕЦ “Неготино”. Овие средства не се калкулирани како трошок, односно како приход на “ЕСМ Дистрибуција”, така да не беа предмет на калкулација, затоа што не се појавија воопшто во финансиските пресметки кои ги достави ЕСМ.

Фактички да повторам уште еднаш, ние утврдивме само цена на услуга за дистрибуција на електрична енергија, а не и цена на електрична енергија како производ.

По однос на второто прашање дали Регулаторната комисија има механизми за калкулација на вакви субвенции од страна на државата, укажуваме дека во методологијата за пресметување на цена на електрична енергија постојат економски параметри каде овие средства се третираат како грант и не влегуваат во трошок.

Исто така овие средства не се калкулираат при пресметувањето на дозволениот максимален приход на претпријатијата затоа што тие не се прикажуваат на страната на она како што е таму наречено просечна пондерирана вредност на капиталот.

Оттука овие средства ќе се имаат во предвид при определување на цената на електричната енергија кај производителот, меѓутоа, ќе бидат одбиени од вкупните трошоци кои ќе ги прикаже произведителот од произведената електрична енергија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Регулаторната комисија.

На почетокот на мојата дискусија која ќе се однесува на двете точки затоа што се тесно поврзани едната и другата, би сакала накратко да се осврнам на досегашната работа на Регулаторнатата комисија.

Бевме сведоци за многуте барања за поскапување на цената на топлинската енергија во Скопје од Топлификацијата и од Железара Скопје. Регулаторна комисија не дозволуваше да се спроведе односно не ги признаваше трошковниците и начинот на формирање на таа цена. Тоа е за пофалба односно студиозноста и студиозниот пристап кон реалната пресметка на трошоците при формирањето на крајните цени на енергенсите, што е всушност основната работа на Регулаторната комисија се темелни, студиозни и во насока на штитење на потрошувачите на тие енергенси, па ако сакате и на граѓаните на Република Македонија.

Слично се случуваше до сега и со цените на електричната енергија, меѓутоа, сегашниот начин на пресметка и на зголемување на цените на електричната енергија создаваат извесни нејаснотии кај мене, па поради тоа се јавив за дискусија и би сакала да го искористам присуството на претставникот односно претседателот на Регулаторната комисија да побарам објаснување за неколку работи.

Прво, слушнавме дека покачувањето на цената на електричната енергија од 2,48% која ќе важи од 1 март 2007 година било за цената на дистрибутивната електрична енергија. Во цената на електричната енергија влегува и цената на преносната енергија и на производната енергија, како и на набавната електрична енергија.

Исто така во формулата за пресметка на цената на електричната енергија како трошок влегува и бројот на вработени во фирмите. Сведоци сме на рапидно зголемување на бројот на вработени во АД во сопственост на Република Македонија, тоа е АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО каде последните 4 месеци бројот на вработени е зголемен ни помалку ни повеќе, туку за 417 нови вработени. Во овие 417 нови вработени влегуваат вработените во административните згради на ЕЛЕМ и МЕПСО во ХЕ “Св.Петка”, во Енергетика во Железара, во РЕК “Осломеј” и во РЕК “Битола”.

Факт е дека водачот на независната невладина организација “Глас на Светлината” Ромео Јосифовски кој минатата година ова време ги блокираше улиците во Скопје, веднаш беше по стапувањето на новото раководство во АД МЕПСО беше вработен по партиска линија во МЕПСО како член на диспечерскиот центар. Факт е дека бројот на вработени во дирекцијата на електраните во Скопје во зградата до Трговски центар е двојно зголемен од 60 вработени во ЕЛЕМ сега на работа по разни основи преку агенции за вработување, преку трајни вработувања, преку договори на одредено време одат уште 60 нови вработени. Ситуацијата таму е смешна. Нема доволно столчиња за сите нови вработени, а не работни бироа, а уште помалку

нема услови за работа ниту луѓето имаа било какви работни задачи.

Сето ова ќе биде од џебот на македонските граѓани поради тоа што во цените на електричната енергија влегува бројот на вработени во енергетските компании. Значи, бројот на вработени во ЕЛЕМ и МЕПСО односно 417 нови вработени ќе значат покачување на цената на електричната енергија без никаква потреба само за задоволување на партиските интереси, а бројот на невработени во Македонија нема воопшто да се намали или ќе се намали за неколку промили. Тоа е првото прашање.

Дали и кога ќе биде вкалкулиран овој број во цената на електричната енергија на Македонија и второто прашање во врска со влијанието на цената на електричната енергија од продажната цена на ТЕЦ Неготино.

Сведоци сме дека беше објавен тендер за продажба на ТЕЦ Неготино во кој како услов стоеше минимална продажна цена од 38 милиони евра, меѓутоа, услов по регулирани цени првите 4 години купувачот има обврска да ја продава произведената електрична енергија во ТЕЦ Неготино на Република Македонија.

Тоа значи, Република Македонија ќе има обврска да набавува електрична енергија од ТЕЦ Неготино, електрична енергија произведена на мазут, електрична енергија со двојно поголема цена во однос на производствената цена од РЕК Битола електрична енергија која е неколку пати поголема производствена цена од сегашната цена на квтч. Уште повеќе би сакала да прашам дали во вкалкулираните трошоци односно просечната пондерирана вредност на капиталот на ТЕЦ Неготино при производството на електричната енергија првите 4 години ќе влезат и тие 38 милиони евра кои државата ќе ги добие од купувачот, меѓутоа, ќе бидат негов трошок. Како што е напишан тендерот дава можност и наведува на заклучок дека:

Прво, купувачот ќе плати на државата 38 милиони евра минимум за купување на ТЕЦ Неготино.

Вториот чекор е Регулаторната комисија во цената на произведениот квтч од оваа ТЕЦ ќе вкалкулира освен трошокот за мазут и другите трошоци и овие 38 милиони евра кои граѓаните преку цената на квтч ќе му ги вратат на купувачот на ТЕЦ Неготино.

Мислам дека господинот Ивановски го разбра моето прашање и би ценела ако може да даде одговор прво, за влијанието на новите 417 вработени во ЕЛЕМ и МЕПСО врз цената на електричната енергија и

Второ, влијание на продажната цена на ТЕЦ Неготино од 38 милиони евра врз регулираната цена наредните 4 години од купениот квтч од таму. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор претставникот на Регулаторната комисија, повелете.

(Господинот Никола Поповски бара збор односно да постави прашање, па претставникот од Регулаторната комисија да одговори).

Додадете го уште вашето прашање, па нека одговори господинот Ивановски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

За да не го доведеме во состојба господинот Ивановски неколку пати да одговара, јас сакав да се јавам веднаш, меѓутоа, госпоѓата Филипова веќе беше пријавена за збор, како континуитет на одговорот што го даде, би сакал да поставам конкретно и директно прашање.

Еден од субјектите во производството на електрична енергија, со оглед на вашиот одговор кој го уважувам, како што го кажавте, доби субвенција од државата од 20 милиони евра и во денари милијарда и двеста милиони денари кои се извршија преку Буџетот за 2006 година.

Сакам да потсетам дека еден друг субјект во системот на производство на ЕЛЕМ, а тоа е ХЕЦ “Козјак” во текот на мај или април, не се сеќавам точно, 2006 година имаше доспеана рата за исплата кон кинескиот партнер кој ја финансираше кредитно изградбата на машинскиот дел на ХЕЦ “Козјак” рата од 8 милиони долари. ЕЛЕМ не ја изврши и во тој момент државата, знам сигурно затоа што бев министер за финансии, активираше државна гаранција во висина од 8 милиони кои ги исплати на кинеската банка, односно на кинескиот партнер за производство на опремата. Министерот за финансии во подоцнежниот тек од годината, сега другиот министер господинот Славевски на една од дебатите јасно соопшти дека во Буџетот ја вкалкулира паднатата гаранција во висина од околу 400 милиони денари, што е еквивалент на 8-те милиони. 400 милиони денари вкалкулира трошок на државата за падната гаранција. Очигледно е дека ако гаранцијата е платена, присилно не е наплатена од ЕЛЕМ, согласно Законот, со блокирање, туку е извршена од Буџетот како трошок дека паднала на товар на државата.

Сега сакам господине Ивановски да ги спојам двете дека државата даде во производниот процес, онаму каде вие рековте дека ќе калкулирате трошок на субвенција од државата 400 милиони денари падната гаранција која ЕЛЕМ мора да си ја вкалкулира во своите трошоци и долгорочно ја калкулира во амортизациониот план од една страна државата изврши и од друга страна милијарда и двеста односно се заедно милијарда и шестотини милиони денари, што е значителна сума, ќе се согласите, доби државни субвенции по два основи директно во изминатите неколку месеци. Зборувам не календарски, туку временски месеци наназад од март до септември-октомври наназад.

Моето прашање директно е дали Регулаторната комисија е подготвена да ги вкалкулира овие бенефити на ЕЛЕМ кои се за нив непланирани, а кои директно го поефтинуваат нивното производство, бидејќи од државата добија

милијарда и шестотини и врз основа на тоа да ја испита можноста да ја намали цената на електричната енергија во делот на производството, а не во делот на дистрибуцијата, тоа секако ќе се одрази на производната цена која се дистрибуира на крајните потрошувачи.

Мислам дека прашањето е јасно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Ивановски, повелете.

**Славе Ивановски:** Најпрвин да одговорам на прашањето на госпоѓа Филипова.

При вкалкулирањето на трошокот на енергетските претпријатија како трошок се прифаќа и платите за вработените. Согласно Методологијата платите за вработените се калкулираат просечната плата во стопанството на Република Македонија зголемена за 30%. Во овие плати не влегуваат менаџерските плати кои се посебен дел.

При калкулирањето на трошокот за цената на услуга на дистрибуција на ЕСМ Дистрибуција беше земен предвид бројот на вработените исклучиво врз основа на редовен работен однос, а не договори за дело и други слични облици на ангажирање на работна рака.

Оттука овој принцип Регулаторната комисија ќе го спроведува и понатаму.

Она што ќе го добиеме како барање за цена од претпријатијата во државна сопственост ЕЛЕМ и МЕПСО што се однесува до бројот на вработените, повторувам, ќе биде земено во предвид само бројот на лица кои имаат засновано редовен работен однос и ќе биде како трошок пресметувано по оној коефициент кој го објаснив просечна плата зголемена за 30%.

За сега немаме никакви сознанија ниту можеме во оваа фаза, без да добиеме официјална апликација за цена да оцениме колкав е бројот на вработените или колкав е бројот на лицата со договор на дело, меѓутоа, да повторам уште еднаш кога го вкалкулиравме бројот на вработени во ЕСМ Дистрибуција ги немавме предвид вработените во ЕСМ кои работат на малите хидроелектрани затоа што немаат никаква врска со процесот на дистрибуција на електричната енергија. Истиот принцип ќе биде применет при определување на трошокот за плати кај другите две државни претпријатија.

По однос на второто прашање дали сумата еве да претпоставиме 35-38 милиони евра која ќе ја даде купувачот за ТЕЦ Неготино ќе биде пресметувана во определувањето на максималниот регулиран приход на ова претпријатие, кажуваме не.

Исто така сакам да укажам дека ТЕЦ Неготино во моментот има договор со МЕПСО за испорака на системски услуги и според цена определена од Регулаторната комисија. Тоа значи дека Регулаторната комисија ќе ја прифати само онаа електрична енергија која врз основа на договор меѓу ТЕЦ и МЕПСО ќе биде купена од страна на МЕПСО и таа електрична енергија ќе биде вреднувана според Методологијата на Регулаторната комисија.

По однос на прашањето на господинот Поповски можеби нема да одговорам во целост, до сега немаме добиено никаква апликација за цена од страна на ЕЛЕМ така што не знаеме дали воопшто ќе бидат позиционирани тие трошоци, тие средства за кои зборува господинот Поповски и дали воопшто ќе бидат позиционирани.

Меѓутоа, во секој случај принципот останува ист. Она што не е непосреден трошок на претпријатието, туку е трошок кој претпријатието го направило врз база на субвенција или на друг начин нема да биде прифатено во пресметката на цената. А, дали тоа ќе влијае врз намалувањето на производната цена на електрична енергија од ЕЛЕМ или од ТЕЦ Неготино, тоа ќе зависи од останатите трошоци односно од соодносот на овој грант, оваа субвенција со останатите трошоци на производното претпријатие кои трошоци можат да покажат и покачување во зависност од движењето на другите цени на пазарот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повторно за збор се јави госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Работата на Регулаторната комисија и формирањето на крајните цени на енергенсите, од кои на електричната енергија, можеби на народот не му се доволно јасни, меѓутоа јас би сакала да се заблагодарам на одговорот и да заклучам дека, зголемувањето на бројот на редовно вработените во ЕЛЕМ и МЕПСО, како и во ЕСМ Дистрибуцијата влијае на зголемување на крајната цена на електричната енергија. Уште повеќе недостатокот на електрична енергија на регионалниот пазар на Балканот поради објективни причини, затворањето на атомската централа “Козлодуј” во Бугарија и слично, умешно и успешно беше искористен за добар бизнис на водечките енергетски компании во земјата МЕПСО и ЕЛЕМ. Нешто слично се случуваше и во Албанија и деновиве можевме да прочитаме во дневниот печат дека недостатокот на електрична енергија во Албанија бил исто така користен за успешни финансиски зделки за лично богатење на водечките во албанското електростопанство. Повторувам, дека владеачкото мнозинство, парламентарното мнозинство, Владата на господин Груевски и раководството на двете најголеми енергетски компании во Македонија ЕЛЕМ и МЕПСО преку злоупотребување на средства од Буџетот на Република Македонија преку користење на субвенцијата од 20 милиони евра, која овој Парламент овде ја изгласа и уште 7-те милиони евра дополнителни од ратата на кинескиот кредит во ЕЛЕМ, отидоа во приватни џепови за сметка на даночните обврзници во Македонија, поточно за сметка на македонскиот народ кој е корисник на електрична енергија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Фијат Цаноски. Повелете.

**Фијат Цаноски:** Благодарам претседателе.

Би сакал да ја искористам можноста присуството на господинот Ивановски да му поставам едно кратко прашање. Впрочем, се работи за дистрибуција на електрична енергија и би сакал да му поставам едно прашање за трафостаниците во повеќе објекти. Посебно во Скопје, можам да кажам во руралните средини и тоа во првите зони, инвеститорите сами инвестираат во изградба на трафостаници, иако инвеститорите плаќаат комуналии за тие објекти, дали се станбени или деловни објекти. Општината кажува дека со високиот напон нема никаква работа, дека само трафостаницата до објектот е одговорност на општината, а чија е одговорноста и кој треба да донесе висок напон до објектите. Конкретно, јас можам да кажам за неколку примери дека инвеститорите носат по неколку стотини метра висок напон, прават трафостаници, ги изградуваат и одговорните од МЕПСО или од Електростопанство на крај им велат, со свои инвестиции секоја трафостаница која што е између 50 и 100 илјади евра, на крај господата од МЕПСО велат дека треба да им се предаде таа трафостаница во владеење на МЕПСО. Тогаш, зошто ние плаќаме струја во тие објекти кога самите носиме трафостаници, правиме големи инвестиции и на крај таа инвестиција што самите ја правиме треба да му ја подариме на некого, на едно претпријатие кое што е сега акционерско друштво и кое сопствениците се странци. Значи, би сакал да ми одговори зошто не плаќаат струја, кога ние самите комплет ги правиме инвестициите. Исто така, треба да ми одговори дека сите тие инвестиции треба да се повратат, а тоа и во Законот, еве јас конкретно ќе направам тужба до МЕПСО, затоа што самиот носам електрична енергија до одредени објекти, а МЕПСО не ми ги признава тие трошоци. Значи, прашањето е дали е тоа законски и што мислат да сторат господата од МЕПСО или од ЕЛЕМ, не знам веќе кој е одговорен за инвестициите на трафостаниците, кои се во сопствена режија на инвеститорите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Ивановски.Повелете.

**Славе Ивановски:** Благодарам претседателе.

Во однос на прашањето од господинот Цаноски, сакам да кажам дека овие прашања, покрај со Законот за енергетика, се уредени и со подзаконски акти и општите услови за испорака на електрична енергија од 2001 година, како и мрежните правила за пренос на електрична енергија.

Проблемот е во цената на трафостаницата. Проблемот настанува понатаму во делот на нејзиното одржување. Оттука ако ги погледнете мрежните правила за пренос таму ќе видите дека инвеститорот и МЕПСО склучуваат договор за тоа што понатаму со сопственоста на трафото, доколку се работи за трафо од 110 на 35 киловати. Така што, ова решение веројатно е изнудено како поволност на инвеститорот за понатаму да се ослободи од трошоците за одржување на трафостаницата, а истото се однесува и на трафостаниците во дистрибутивната мрежа. Меѓутоа, сепак, треба да се има предвид дека се работи за приватни инвестиции во мрежата. Понатаму, ова прашање ќе треба да се уреди со закон и тоа нема да биде секакво прашање за кое ќе одлучува регулаторната комисија, туку ова тело. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 60 гласале за, воздржани нема, против 2.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точка 22 - Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2007 година.**

Предлогот на финансискиот план, извештајот на Комисијата за економски прашања и мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на финансискиот план.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Авировиќ Владанка. Повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Разгледувајќи го Предлог-финансискиот план за 2007 година на Регулаторната комисија, би се задржала со едно мое лично гледање во поглед на точката 2, а тоа се трошоците за закупнина на Регулаторната комисија, кои што изнесуваат 60% од вкупните трошоци, што претставува и значителен дел од вкупната сума на средства предвидени со овој финансиски план односно се предвидени 5.559.000.000 денари трошоци за околу 450 метри квадратен простор. Ако се направи некоја дополнителна анализа, произлегува дека за закупнина се потребни околу 17 евра по метар квадратен. А, ми се чини дека во поглед на заштедување на значителни средства треба Регулаторната комисија да најде начин да ги намали овие трошоци, бидејќи во строгиот центар на градот вообичаено трошат сите за закупнина на канцелариски простор од 8 до 10 евра по метар квадратен, а овде се плаќа некаде околу 17 евра по метар квадратен, што е значително оптоварување на трошоците. Доколку се најде некоја солуција за некој поразумен износ за плаќање на кирија, би се намалиле трошоците некаде околу 40% или во апсолутен износ над 2.300.000.000 денари. Само толку сакав да укажам дека во овој дел потребно е Регулаторната комисија или Владата да се потрудат да изнајдат со дополнителни напори да

ги намалат овие трошоци во вкупниот износ на трошоците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот за финансискиот план.

Предлогот на финансискиот план го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, сите 67 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2007 година.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Седницата заврши со работа во 12,13 часот.